# Бриф 1 Енергетска ефикасност

**РОДОВО ОДГОВОРНО БУЏЕТИРАЊЕ ВО ОПШТИНА БРВЕНИЦА**

Општина Брвеница нема енергетски извори, а снабдувањето со електрична енергија се врши од електро-енергетскиот систем на Република Северна Македонија. Општината има потенцијал за искористување на обновливата енергија односно на соларната енергија, како извор на топлинска енергија, но и за добивање на електрична енергија.

Во просек годишно има 2325 часови со сончево зрачење или просечно 6.4 часови дневно.

На системот за водоснабдување се приклучени 90% од населението, а на системот за одведување на отпадни води 65%.

Сите главни улици и околу 90 % од другите улици се покриени со улично осветлување. Уличните светилки кои се неефикасни се од тип на натриумови светилки.

Општина Брвеница има во сопственост и одржува 14 јавни згради со вкупна грејна површина од околу 9860 m². Енергијата која се користи од овие општински објекти е околу 694.50 MWh годишно.

## Општина Брвеница

**13.645 граѓани**

**6.849 жени**

**6.796 мажи**

**3.459 домаќинства**

**5,2 членови по домаќинства**

**6.32%** од општинскиот буџет е потребен за да ги покрие соодветните трошоци за потрошена енергија.

Според податоците на општината сите сектори кои се опфатени со направените испитувања се емитувачи на стакленички гасови, меѓутоа Секторот општински објекти се издвојува како повисок емитувач на CO2.

# Користена РОБ алатка: Анализа на политики

## Што е енергетска сиромаштија?

„Енергетска сиромаштија е состојба во која едно лице или домаќинство не е во можност да го загрее својот дом или да обезбеди електрична енергија во својот дом по прифатлив стандард и прифатлива цена”
(Европска Унија, 2016)

Во реалноста, поимот опфаќа многу поширок сет на суштински активности. Може да подразбира не само доколку луѓето не можат да си дозволат соодветно да ги загреат домовите, но и да ги разладат домовите во топло време. Исто така може да значи дека луѓето не можат да си дозволат да готват топли оброци, или да имаат сигурна топла вода за капење и перење алишта или да користат основни домашни апарати (машина за перење, пегла, телевизор, компјутер итн.)

„Едно домаќинство се наоѓа во состојба на енергетска сиромаштија доколку е потребно да потроши повеќе од 10% од своите приходи на енергенси, како би одржало доволно ниво на топлина.“




## Програма за енергетска ефикасност

Целта на Програма за Енергетска Ефикасност на Општина Брвеница е да овозможи општината да ги намали трошоците за енергија и на тој начин го намали товарот врз општинскиот буџет. Конкретни цели кои што треба да се реализираат за намалување на трошоците за енергија се:

- Намалена потрошувачка на енергија во општинските објекти до 30% до 2025 година;
- Намалена емисија на стакленички гасови за 144% до 2025 година;
- Зголемена употреба на извори на обновлива енергија до 20% до 2025 година;
- Подобрени услуги за уличното осветлување во општината за добивање на 100% осветление според стандардите до 2025 година, како и намалување на трошоците за улично осветлување за 50% до 2025 година;
- Намален делот за расходи на енергија во општинскиот буџет за 30% до 2025 година.

## Низ женски леќи

Во програмата за енергетска ефикасност практично целосно отсуствуваат податоци кои се родово структурирани.
Дополнително, кај предвидените цели и мерки изостанува анализа на влијанието на предложените интервенции на унапредување на положбата на жените и мажите на локално ниво, независно дали како приватни лица/граѓани или како вработени или лица кои поминуваат значителен дел од времето во објектите врз кои е планирано со програмата да се прават одредени енергетски ефикасни инвестиции. При креирање на програмата потребно е да се земат предвид мислењето и потребите на мажите и жените што ќе резултира со родово сензитивни мерки.

# Користена РОБ алатка: Анализа на корисници

## Главни наоди

93,3% мажите и 66,7% жените се запознаени со одредени мерки на енергетска ефикасност кои може да ги преземат.

Над 90% прибегнуваат кон рационално користење на куќните апарати во домаќинствата.

Над 80% избегнуваат да ги користат куќните апарати или ги користат кога е ефтина струјата како би ги ограничиле своите трошоци за енергија.

### Низ женски леќи

54.6% | 30%

Често ги смалуваат трошоците за прехрамбени намирници, облека и лекови со цел да обезбедат доволно средства за плаќање на трошоците за енергија.

77.3% | 33.3%

Ги избегнуваат трошоците кои не се неопходни/нужни (козметика, хоби, културни случувања и сл.) со цел да обезбедат дволно средства за плаќање на сметките за енергија

**Речиси половина од испитаниците се изјасниле дека трошоците за енергија изнесуваат од 10% до 30% од вкупниот домашен приход.**

Сопственик на недвижен имот кај испитаниците:

- 90% машки член на семејството,
- 7.5% женски член од семејството и
- 2.5% изјавиле заедничка сопственост на сопружниците.

Повеќе од половина од испитаниците се задоволни со квалитетот на греењето во нивното домаќинство.

47.5% го греат целиот објект во зимскиот период и се греат со дрво.

20% од мажите и 40% од жените одговориле дека не се задоволни со квалитетот на греење во нивните домови.

Само 14.2% од мажите и 4% од жените мислат дека квалитетот на воздухот во нивниот дом за време на грејната сезона е лош, додека другите го оценуваат како добар или задоволителен.

16.7% од жените се изјасниле дека мажите одлучуваат за купување на пример за печка за греење/шпорет.

# ЗАКЛУЧОЦИ

Општина Брвеница ја почитува законската обврска за донесување на програма за енергетска ефикасност, но нема подготвено годишен план и нема поднесено информација за спроведување на програмата во претходната година до Агенцијата за енергетика.

Главни мерки кои се преземени од општината се во насока на подобрување на осветлувањето и изолацијата во јавните објекти, како и мерки за подобрување на греењето во јавните објекти. Фокусот на програмата е ставен на јавните објекти кои се во надлежност на општината.

Во програмата на општина Брвеница за енергетска ефикаснот отсуствуваат поамбициозни мерки за обновливи извори на енергија како и мерки за секторот домаќинства. Не се предвидени кампањи за зголемување на свеста за енергетска ефикасност.

При креирање на Програмата за енергетска ефикасност не се направени консултаци ниту со Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, ниту со Координаторката за еднакви можности.

Вклучување на родовата перспектива во енергетските политики е неопходно со цел да сеопфатно реализирање на Агендата за одржлив равој до 2030 година, како на меѓународно ниво, така и на национално и на локално.

Големите промени почнуваат со мали чекори во нашето опкружување на локално ниво, па оттука и програмите за енергетска ефикасност на локалните самоуправи имаат голема и водечка улога. Сите решенија за енергетската ефикасност мораат да осигураат дека никој нема да биде занемарен, и дека ќе се даде приоритет на потребите и интересите на граѓанките и граѓаните, имајќи ја предвид енергетската сиромаштија и ниските приходи на жените.

Важноста од вклучување на родовиот аспект во енергетиката, е предвидено со Стратегијата за родова еднаквост на Република Северна Македонија (2022-2027) [1], каде што јасно е наведено дека „особено е важно да се имаат превид разликите во потребите и барањата на жените и мажите во земјоделството, енергетиката...“. Па така еден од очекуваните резултати во специфичната цел 2.3. од оваа Стратегија, е вклучување на родовиот аспект во националите и локалните политики, па еден од поставените индикатори е и „број на национални и на локални политики во енергетиката... кои го вклучуваат родовиот аспект“, како и „број на жени што добиле субвенции од Владата или од општините во енергетика, земјоделство, водни ресурси и транспорт“.

**Со родово еднаква енергетска ефикасност до заштита на животната средина.**



# БУЏЕТСКА ИНИЦИЈАТИВА

## Што предлагаме општината да преземе?

- Да се воведат субвенции за инвертер клима уреди, каде при доделувањето ќе се запази родовиот баланс.
- Да се зајакнат капацитетите на општинската администрација за водење родово одговорна статистика/евиденција, што пак ќе овозможи да се прават родови анализи на програмите и политиките и да се добие појасна слика за состојбата со родово одговорното буџетирање на локално ниво
- При ажурирање на тековната Програмата за енергетска ефикасност како и при изработка на следната (но и при изработка на локални стратешки документи, политики, програми и планови) да се консултира Комисијата за еднакви можности и да се земат во предвид нејзините препораки и сугестии.
- Во програмите да се додадат податоци за број на потенцијални корисници, анализа на влијанието на активностите врз родовата рамноправност, корелација со други програми како и начините за мониторинг и евалуација на ефектите од реализација на програмите.
- Да се спроведат обуки за подготовка на анализи, односно за оценување на влијанието на одделни програми за поттикнување на родовата рамноправност.

## Колку ќе ја чини општината?

15.000 МКД
субвенција по домаќинство

624.000 МКД
во првата година

0 МКД

0 МКД

84.000 МКД

Овој Бриф е дел од публикацијата “Енергетска ефикасност во општина Брвеница” подготвена од Центар за иновации за развој на заедницата - ЦИРЗ во рамките на програмата за подгрантирање на проектот “Низ женски леќи: покревање на политики и буџетски иницијативи, следење на спроведувањето на локалните акциски планови за родова еднаквост”.

Funded by the European Union

ЕУ со ТЕБЕ

Оваа публикација е финансирана од Европската Унија. Нејзината содржина е единствена одговорност на авторите и не мора да ги одразува ставовите на Европската Унија.